# ИЗВЕСТУВАЊЕ
## ДО ИМАТЕЛИТЕ НА ПРИОРИТЕТНИ АКЦИИ НА СТОПАНСКА БАНКА АД – СКОПЈЕ

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 399 / 04.03.2020 година), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на 50-та седница одржана на 31.05.2022 година, а врз основа на Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД – Скопје за 2021 година (С.О.бр. 439 / 31.05.2022 година) и Одлуката за распоредување на добивката на Стопанска банка АД – Скопје за 2021 година (С.О. бр. 441 / 31.05.2022 година), **донесе Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетните акции** (С.О. бр. 444 / 31.05.2022 година).

Стопанска банка АД – Скопје ќе изврши исплата на дивиденда на имателите на приоритетните акции во **бруто износ од 5 денари по акција**.

Се известуваат акционерите на Стопанска банка АД – Скопје дека Банката ќе врши исплата на дивиденда за приоритетните акции за 2021 година врз основа на следниот дивиденден календар:

- Датум на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда, односно датум на пресек на Акционерската книга, е **15.06.2022 година.**
- Последен ден на тргување со право на дивиденда е **13.06.2022 година.**
- Прв ден на тргување без право на дивиденда е **14.06.2022 година.**
- Дивидената ќе се исплати во вид на еднократно плаќање најдоцна во рок од 30 дена а не подоцна од 30.06.2022 година**.**

**Дивидендата ќе се исплати на имателите на приоритетни акции на трансакциските сметки кои имателите ги имаат во Стопанска банка АД – Скопје**.

**Важна напомена:** Со цел непречена исплата на дивидендата, се повикуваат сите имател на приоритетни акции кои немаат трансакциска сметка во Стопанска банка АД – Скопје во денари, а кои имаат право на дивиденда, да се обратат во една од филијалите на Банката, со цел отворање на трансакциска сметка. На овој начин, имателите на приоритетни акции кои имаат право на дивиденда ќе можат веднаш да располагаат со дивидендата по нејзината исплата. Акционерите кои сакаат дивидендата да им биде исплатена на трансакциска сметка во друга банка потребно е лично да доставaт копија од трансакциска сметка и лична карта во Дирекцијата за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги на Стопанска банка АД Скопје (Филијала Младина-ГТЦ), каде ќе им биде обезбедена за потпис и инструкција за исплата.

Се замолуваат акционерите при подигање на дивидендата од шалтерите на Стопанска банка АД – Скопје со себе да носат валиден документ за идентификација.

24 часа КОНТАКТ ЦЕНТАР: (02) 3100 109

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна

www.stb.com.mk